Reporting Diversity Network

**Известување за родово и родово засновано насилство**

**Вовед**

Родовиот идентитет не е само тема за медиумско известување, туку тој во многу случаи ги обликува и определува нормите и формите на известување во врска со одредени прашања. Родовото известување главно е поврзано со разни форми на родова нееднаквост, дискриминација и насилство. Бидејќи сите овие прашања се многу важни во секое општество, мошне е важно да се известува за нив врз основа на етички и професионални стандарди.

За да можат медиумите попрецизно да ги одразуваат општествата и да овозможат опфат кој е целосен и разновиден, од клучно значење е тој да го изразува светот онака како што се гледа низ очите на сите полови. Медиумите можат да помогнат да ги промениме ставовите така што ќе ги прикажат половите на еднаков начин, наместо повторно да наметнуваат проблематични родови стереотипи.

Funded by the European Union

**Совети за медиумско известување во однос на родовата припадност**

Постојат голем број на ресурси кои даваат препораки за тоа како да се обезбеди добро родово-чувствително известување во медиумите и тие главно даваат совети за тоа како да се изберат темите и изворите и како да се презентираат фактите и да се создаваат приказни.

Кога станува збор за користење на извори, ова се некои од главните предлози:

- Прашајте еднаков број жени и мажи за мислење во однос на сите теми.
- Опфатете прашања од особено значење за животот на жените.
- Обрнете посебно внимание на тоа да ги вклучите и претставите различните приказни и гласови на луѓето кои се најмалку видливи во медиумите (на пример, постарите жени).
- Размислете за дополнителни родови агли на гледање во главните вести.
- Побарајте стручно мислење од жените и женските организации за да видите дали има алтернативно толкување на една значајна приказна за која треба да се известува.
- Обезбедете избалансирани прикажувања на сите родови во визуелните и мултимедијалните аспекти на приказната.

Прирачникот за известување за различноста содржи неколку важни препораки кога се известува за родови прашања:

- Жените не треба да се појавуваат само во приказни кои конкретно се однесуваат на женски прашања. Погрижете се да вклучите жени како извори на информации секогаш кога тоа е можно. Ако пишувате за уметнички тренд, најдете жена-уметник или две жени уметници за да коментираат на таа тема. Ако пишувате за политичка дебата во вашиот град или регион, најдете жена политичар која ќе ја цитирате. Поентата не е жените да се вклучуваат на вештачки начин, туку барем да се биде свесен за вредноста која би ја добиле доколку им се понуди можност да го искажат своето гледиште за широк спектар на прашања.
- Прегледајте го списокот со редовни извори и контакти што рутински ги повикувате кога развивате идеи и пишувате приказни. Ако списокот е целосно или претежно составен од

Funded by the European Union

мажи, преземете свесни чекори за да го проширите. Иако мажите имаат тенденција да бидат премногу застапени во многу области на академскиот, бизнис, политичкиот и културниот живот, можеби е полесно отколку што мислите да се најдат жени кои можат исто толку добро да излезат во пресрет како и мажите.

- Жените сочинуваат околу 50% од светското население, но истражувањето покажува дека тие, всушност, учествуваат со само 25 проценти во темите и изворите на вести[1]. Обидете се да им дадете еднаква застапеност во секое прашање што го покривате. Имајте предвид колку мажи и жени интервјуирате, колку поканувате на панел или колку од нив претставувате за да обезбедите жените да имаат еднакви шанси да бидат слушнати.
- Кога ги вклучувате жените, опишете ги на ист начин како што би ги опишале мажите. Ако генерално не ја опишувате облеката или фризурата на бизнисмен, не разговарајте за облеката и фризурата на бизнисменката, освен ако тоа не е релевантно за приказната. Избегнувајте нејасни зборови како, на пример, „женски“ и сл., кои имаат повеќе асоцијации и може различно да се толкуваат од секого. Користете конкретни детали за да објасните што мислите. Дали таа оди грациозно? Зборува префинето?
- Внимавајте да не правите претпоставки во вашите приказни за правилната улога на жената. Новинарите често ги одразуваат стереотипите кои веќе постојат во општеството во врска со жените и мажите и ги зајакнуваат во своето известување дури и ако немаат таква намера. Не сите жени се заинтересирани за модата и готвењето. Многу жени се длабоко вклучени во најважните политички и општествени проблеми на едно општество. Некои жени започнуваат и водат многу успешни бизниси. Жените работат и во безбедносниот сектор, како што се полицијата или армијата. Побарајте жени чиј живот е спротивен на вообичаената перцепција за тоа кои се и кои треба да бидат жените.
- Сретнете се со припаднички на женски организации и прашајте ги за нивните проблеми. Можно е да има прашања што тие ги сметаат за важни, а за кои не сте свесни ниту вие, ниту вашиот уредник. Охрабрете ги да ви се јават кога мислат дека имаат нешто вредно за вест или за разговор. Но, не го земајте она што тие ви го кажуваат здраво за готово и не претпоставувајте дека сите женски организации ќе ви ги кажат истите работи. Други организации веројатно ќе имаат различни мислења, а вашиот материјал треба да ги земе предвид и тие идеи.

[1] https://whomakesthenews.org/wp-content/uploads/2021/11/GMMP2020.ENG_.FINAL_.pdf

Funded by the European Union

- Размислете за пишување приказни во врска со прашања како што се семејно насилство и сексуално вознемирување, кои беа предмет на широко покривање на Западот, но на кои не им се посвети големо внимание во посткомунистичките општества. И двата се исклучително сериозни проблеми кои генерално беа игнорирани или минимизирани не само од правниот систем туку и од медиумите. Семејното насилство често се смета за приватна семејна работа, а не за кривично дело, дури и кога тоа резултира со сериозни повреди. Медиумите и општеството често го минимизираат проблемот така што го релативизираат, па дури и го негираат родовото насилство така што споменуваат неважни детали, како на пример, како била облечена жената, со кого била надвор, итн. Истражете како се третира ова прашање во вашиот град или регион. Дали законот ги штити жените од тепање од нивните сопрузи или партнери? Како реагираат полицијата и другите власти? Дали има засолништа (шелтер центри) каде жените и децата можат да побараат помош? Запомнете, судот е тој што треба да одлучи дали се случило кривично дело или не (не е улога на новинар да го преиспитува тоа), и улогата на медиумите е да бидат платформа на која жртвите и општеството ќе разговараат за проблем во општеството.
- Сексуалното вознемирување на работното место е уште едно прашање кое доби големо внимание во западните земји. Иако некои луѓе го банализираат ова прашање, факт е дека жените во сите општества понекогаш се соочуваат со барања за сексуални услуги од машките колеги и раководители во замена за унапредување и зголемување на платите или се под закана дека ќе бидат отпуштени. Понекогаш вознемирувањето не е во форма на директно барање за секс, туку станува збор за вулгарен, погрден или исмејувачки сексуален јазик кој е упатен кон жената, што е  ситуација која може да го направи работното место многу непријатно. Повторно, дознајте каква е законската регулатива во вашиот регион. Колку е голем проблемот? Како жените се справуваат со тоа?
- Прашањето на проституција е главна тема кога станува збор за прикажувањето на жените во медиуми. Очигледно е дека е важно да се покрие оваа тема, но притоа е исто така важно да се обидеме да не ги осудуваме жените за кои ова, можеби, е единствениот начин да заработат за живот. Дури и ако жената избрала проституција и не била принудена на такво нешто, обидете се да го разберете светот од нејзина перспектива и

Funded by the European Union

потрудете се да погледнете подалеку од стереотипите. Не се сите проститутки зависници од дрога. Не се сите лоши мајки на своите деца.

- Во некои земји, проститутките го прифатија терминот „сексуален работник" како помалку навредлив начин за обраќање кон себеси. Прашајте ги зошто ја преферираат таа фраза и напишете статија за тоа што значи таквата промена. Дали проститутките или сексуалните работници се обидуваат да формираат свои организации и здруженија? Дали тие се залагаат за подобра здравствена заштита за себе или бараат да се дисеминираат информации за тоа како да се заштитат од ХИВ и други сексуално преносливи болести?
- Трговијата со жени, исто така, стана главен проблем во последниве години. Истражете каква е ситуацијата во вашиот регион. Од каде доаѓаат жените? Како се намамени од нивните матични земји и како се принудени да останат? Разговарајте со невладините организации кои работат на ова прашање и замолете ги да ве поврзат со жени кои се наоѓаат во таква ситуација.

Организацијата Free Press Unlimited дава предлози за тоа како да се обезбеди непристрасно известување. Ова се некои од основните правила:

- Погрижете се медиумската покриеност да е одраз на сеопфатен и реален осврт на луѓе од сите родови.
- Да не се користат генерализирани стереотипни карактеристики за луѓето врз основа на род. На пример, не имплицирајте дека девојките се секогаш срамежливи, а момчињата се агресивни, дека на мажите им се восхитуваат на нивните достигнувања, а на жените поради нивните физички атрибути, или дека жените се пасивни жртви, а мажите се активни ловци.
- Обидете се да не правите никакви претпоставки засновани на род. На пример, обидете се да избегнете прикажување на одредени улоги или работни места како само машки или како само женски - на пример, прикажување на сите домашни негувателки како жени или на сите јавни лидери како мажи.
- Однесувајте се кон сите со достоинство. Избегнувајте да ги омаловажувате искуствата и проблемите на жените.

Funded by the European Union

- Обезбедете соодветен контекст, рамнотежа и анализа на родот. Ова може да вклучува гледање подалеку од настаните околу приказната за да се покренат и суштинските и основни прашања.
- Бидете чувствителни и избегнувајте какви било двојни стандарди при родовата употреба на слики, особено оние што ги нагласуваат физичките или сексуалните аспекти на жените.

Кога станува збор за прикажување на приказни, еден важен предлог тука е дека користењето на соодветна терминологија и родово сензитивен јазик е многу важна работа. Ова го вклучува следново:

- Избегнувајте користење на „тој“ како генеричка заменка. На пример, наместо „Ако ученикот учи напорно, тој ќе успее“, користете „Ако ученикот учи напорно, ќе успее“. Наместо „Секоја медицинска сестра треба да се грижи за нејзината униформа и сама да ги покрие трошоците“, користете „Секое медицинско лице треба да се грижи за својата униформа и самостојно да си ги покрива трошоците“.
- Избегнувајте користење на „човек“ како генеричка именка, и обидете се да го направите јазикот поинклузивен со родово неутрални изрази. Користете „личност“, наместо „човек“, или „луѓе“ наместо „човештво“.
- Избегнувајте зборови кои се специфични за машкиот род кога опишувате работа или кариера, односно користете родово сензитивни форми каде што е возможно. Тоа може да го сторите со користење на коса црта за да ги опфатите двата родови, на пример: „режисер/ка“, „лекар/ка“, или пак можете да ги наведете двата родови истовремено „сниматeл - сниматeлка“; „претседател - претседателка“, „полицаец - полицајка“, „режисер – режисерка“.
- Кога опишувате карактеристика на една жена, запрашајте се дали некогаш би го употребиле овој збор за да опишете и маж (и обратно). Ако не, тогаш изнајдете термин без родова конотација.
- Опишете ја жената како своја личност, а не како некоја која е во врска со некој друг. Обидете се да избегнете форми на обраќање што ја

Funded by the European Union

прикажуваат жената како обичен додаток на нејзиниот сопруг – тоа ги банализира жените или ги прави невидливи. Наместо „Рецепционерот ги седна г-динот Стефановски и неговата прекрасна сопруга Виолета“, користете „Рецепционерот ги седна г-дин и г-ѓа Стефановски“.

Кога станува збор за родово базирано насилство, треба да се имаат предвид уште некои важни работи:

- Сегашната медиумска практика на известување за родово базирано насилство не е задоволителна. Феноменот на родово базирано насилство не се третира како општествен проблем кој има свои причини во општеството, а не во индивидуалните карактеристики на жените и мажите.
- Има минимално или воопшто нема никакво известување за различни форми на родово базирано насилство; акцентот се става на физичкото, сексуалното и семејното насилство. Истовремено, се инсистира на случаи кои се крајно брутални. Постои тенденција кон сензационализирање и романтизирање на родово базирано насилство, па дури и фемицид.
- Приватноста не се почитува, односно неоправдано се открива идентитетот на жртвата и/или на сторителот, директно или индиректно. Запомнете, името не е единственото нешто што може да го открие идентитетот на личноста.
- Медиумите мора да известуваат за овој проблем во согласност со законските и професионални стандарди: почитување на родовата еднаквост; избегнување на стереотипно прикажување на жените и мажите; да не се промовираат/ нормализираат сексизмот, дискриминацијата или родовото насилство; да се почитуваат приватноста и пресумпцијата на невиност при известување за судски постапки.
- Кога известувате за родово базирано насилство, фокусирајте се на следново:
  - разните форми на родово базирано насилство;
  - причините за родово базирано насилство;
  - работата на институциите и правната рамка кога станува збор за заштита од родово базирано насилство;
  - Животот по насилството;
  - **Да не се прави штета!**

Funded by the European Union

**Примери за различен пристап на медиумите во известувањето**

## Џорџ Клуни се сретнал со Ангела Меркел и ѝ дава поддршка на Германија околу нејзиниот однос за бегалците

**Аве, Цезаре! Ѕвездата има борбен настап на прес-конференцијата на Берлинскиот филмски фестивал со средба на која со германската канцеларка ќе се разговара за кризата во Сирија**

Петок, 12 февруари 2016 14:11

Џорџ Клуни ја поддржа германската политика на отворени врати кон бегалците од сирискиот конфликт по средбата со канцеларката Ангела Меркел во Берлин.

Клуни и неговата сопруга Амал, инаку адвокатот за човекови права, имаа пријатна едночасовна средба со Меркел во петокот наутро на која се разговараше за тековната криза на Блискиот Исток и за политичката реакција на таа криза во Европа и на други места. Меркел го предводи пристапот на Германија кон најголемото преселување на бегалци од Втората светска војна досега, што резултираше со тоа оваа европска држава да прифати речиси секое второ од сите барања за азил поднесени од Сиријци во земјите-членки на ЕУ минатата година.
Актерот, режисер и хуманитарец, кој исто така требаше да се сретне со бегалците во Берлин, претходно им рече на новинарите: „Апсолутно се согласувам со неа“.

Оваа статија ја претставува Амал Клуни, која е адвокат за човекови права, како сопруга на Џорџ Клуни. Целосното внимание е насочено кон актерот и неговата улога на средбата.

Една друга статија, која го има истиот пристап, но уште посензационалистички, е следнава:

Funded by the European Union

## [Џорџ Клуни се сретнува со најмоќната жена во Европа... и ја носи кај Ангела Меркел:]

**По нејзината средба со Дејвид Камерон, Амал разговара за миграцијата со лидерот на Германија.**

Пред само две години, Амал Аламудин не беше име кое секому е познато.

Но, откако се омажи за Џорџ Клуни, адвокатката за човекови права е катапултирана во глобалното внимание - и сега неа ја прифаќаат сите светски лидери.
На својот последен состанок од висок профил, г-ѓа Клуни го придружуваше својот сопруг на кафе разговор со германската канцеларка Ангела Меркел на кој се разговараше за миграциска криза која ја зафаќа Европа.

Насловот сугерира дека актерот ја запознал својата сопруга која е многу моќна. Но, тој е оној кој „ја одведе за да се види со Ангела Меркел“, што ги намалува нејзините заслуги и ја сведува на обична сопруга на познат маж. Написот сугерира и дека таа е во центарот на вниманието по склучувањето на бракот. Текстот, исто така, раскажува дека таа само го придружувала сопругот на состанокот, како таа самата да немала никаква улога.

Некои медиуми имаа сосема поинаков пристап и ставија акцент на средбата на две жени. Иако во оваа статија има и родова нерамнотежа во корист на г-ѓа Клуни, во одреден момент авторот го користи терминот „Клуниеви“ како генерички израз за г-дин и г-ѓа Клуни.

## Меркел се сретна со Амал Клуни и нејзиниот сопруг за да разговараат за бегалците

Во услови кога беснее бегалска криза, германската канцеларка Ангела Меркел одвои време за да се сретне со британската адвокатка за човекови права Амал Клуни и со актерот Џорџ Клуни за да разговараат за актуелната политика кон мигрантите и за војната во Сирија.

Funded by the European Union

Клуниеви се во Берлин за да го промовираат отворањето на „Аве, Цезаре!“, филм со Џорџ Клуни во главната улога, на Берлинскиот филмски фестивал. Но, на прес-конференција тие најавија дека попатно ќе ги посетат канцелариите на водечката дама во Европа за да видат како можат да помогнат во бегалската криза, јавува Би-Би-Си.

**Заклучок**

Родовиот идентитет, како и прашањата поврзани со тој идентитет (како што се дискриминација и насилство врз основа на пол) се важни прашања во медиумското известување и затоа новинарите треба да бидат многу внимателни, особено кога известуваат за родово базирано насилство. Многу е важно да се има предвид дека лицата кои се изложени на дискриминација или насилство се многу чувствителни и пристапот кон нив, не само кога се истражува за приказната туку и во самата приказна, може да ги направи работите подобри или полоши за нив. Затоа новинарот треба да покаже почит и сензибилитет за искуството низ кое поминале тие луѓе.

Funded by the European Union